РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02-551/1
11. 07. 2018 год.

Бр. 02-630/19
29.5.2018 година
Скопје

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016) и член 217 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат, на 22. седница одржана на 29.5.2018 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за стекнување на звање редовен професор доживотно и засновање на работен однос на неопределено време

### Член 1

Се утврдува дека проф. д-р **Владо Вуковиќ** избран во звањето редовен професор на 26.6.2013 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, се стекнува со звањето редовен професор доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

### Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

### Образложение

Со одредбата од член 217, став 2 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) е утврдено дека до донесување на општите акти на високообразовните установи утврдени со овој Закон кои се однесуваат на условите, постапката и критериумите за избор во наставно-научно, научно, наставно и соработничко звање, изборот во овие звања ќе се вршат според одредбите на овој закон и на општите акти кои биле во сила на денот на стапување во сила на овој закон, при што одредбите на општите акти на високообразовните установи кои се во спротивност со одредбите на овој закон, нема да се применуваат. Согласно член 218, став 1 редовните професори и научните советници избрани на единици во состав на универзитет кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се избрани во тоа звање по прв пат, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно.

Врз основа на цитираните одредби, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk